МЦМС во соработка со Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија на 7 и 8 ноември 2013 г. во Скопје, организираше обука за методологијата за следење на корупцијата. На настанот учествуваа членките на СЕЛДИ - Мрежата за лидерство за развој и интегритет во Југоисточна Европа (ЈИЕ), и тоа 27 претставници на 16 граѓански организации од 9 земји од ЈИЕ. Обуката е организирана во рамките на проектот „Граѓанско општество за добро владеење и анти-корупција во Југоисточна Европа“.



На првиот ден од настанот беа разгледани идните активности на мрежата и се дискутираше за барањата за известување за првата година од спроведувањето на проектот.

Вториот ден беше посветен на презентација на постоечки практики и методологии за следење на корупцијата во Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Србија и Црна Гора. Посебен фокус беше ставен на претставување на методологија на Системот за следење на корупцијата (ССК) развиен од ЦСД и чекорите потребни за успешно спроведување во 9-те земји во ЈИЕ. Исто така учесниците ја разгледаа и содржината и структурата на Извештаите за корупција, кои ќе бидат резултат на сеопфатна анкета и анализа на секундарни податоци спроведени во рамките на ССК. Од особено значење беше дискусијата за потенцијалните извори на податоци неопходни за анализата.



Проектот „ Граѓанско општество за добро владеење и антикорупција во југоисточна Европа: градење на капацитети за мониторинг, застапување и подигање на јавна свест “ е финансиран од Европската комисија, Директорат за проширување. Во проектот се вклучени 17 граѓански организации од девет држави од регионот (Албанија, БиХ, Бугарија, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција). Носител на проектот е бугарскиот Центар за изучување на демократијата (ЦИД), а македонски партнери во овој проект, покрај МЦМС се и Институтот за демократија Социетас Цивилис – Скопје и Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид .